*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*Бр. 18-960/5*
*24.02.2025*
*Ш т и п*

До: Државни институции, установи и правни лица кои вршат јавни овластувања односно работи кои се инволвирани во урбанистичкото планирање

**ПРЕДМЕТ:** ИЗВЕСТУВАЊЕ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ПОВТОРНА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА ПО ИЗГОТВЕН **Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип**

Почитувани,

Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РМ бр.32/20 и 111/23), член 29, член 50, Ве известуваме за одржување на јавна анкета и јавна презентација изготвен Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип.

Опфатот е со површина од 215912 $m^2$.

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање Јавната анкета и јавната презентација на Детален урбанистички план за блокови ЈИ 02.01 и ЈИ 02.04, Општина Штип - ќе се спроведе со излагање на Деталниот урбанистички план во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

Јавната анкета ќе трае 10 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 12 март 2025 (среда) до 21 март 2025 год (петок), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 17 март (понеделник) 2025 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Изработил:

Борислава Мишева, диа
Контролирал:
Лазар Хаџи Николов
Секретар на Општина Штип
Вишна Шорова-Ангелова

***ОПШТИНА ШТИП***
*Градоначалник*
*Иван Јорданов*

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*